KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# 30 години надворешна политика и одбрана (Анализа и истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски



www.kas.de

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# 30 години надворешна политика и одбрана (Анализа и истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски

Скопје, септември 2022

# Импресум

**Наслов:**
30 години надворешна политика и одбрана
(Анализа и истражување на јавното мислење)

**Автор:**
Александар Спасеновски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

**Софтверска обработка на податоци:**
Гораст Стојменовски, Институт за политички истражувања (ИПИС) – Скопје

**Координација:**
Даниел Браун
Давор Пашоски

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и печат:**
Винсент Графика Скопје

**Издавачи:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија

**Тираж:**
80 примероци

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
https://www.kas.de/nordmazedonie

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер не сноси одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина

**ПРЕДГОВОР** **5**

**ПРВ ДЕЛ – 30 ГОДИНИ НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И ОДБРАНА (АНАЛИЗА)** **9**

**ВТОР ДЕЛ – 30 ГОДИНИ НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И ОДБРАНА (ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ)** **19**

Методологија.....21
Анализа.....22
Општи оценки за надворешната политика и одбраната.....23
Претседатели на државата.....26
НАТО и Европска Унија.....27
Односи со други држави.....30
Актуелни предизвици.....36
Очекувања за иднината.....38

**ЗАКЛУЧОЦИ** **41**

# Предговор

# Предговор

Почетокот на секоја нова декада поминува и во знакот на јубилеите поврзани со самостојноста и со независноста на денешна Северна Македонија.

Доколку 1990 е годината кога започнуваат и се интензивираат процесите на демократската транзиција и на политичкиот плурализам[1], а 1991 е годината кога започна процесот на осамостојување на земјата[2], тогаш 1992 е годината кога започна процесот на создавање и на консолидирање на клучните атрибути на веќе оформената независна и самостојна држава – Република Македонија.

Имајќи го предвид споменатото, 30 години подоцна, во 2022 година одбележуваме два важни јубилеја поврзани со едни од најважните елементи на македонската државност:

» **Прво,** 30 години од поставувањето на надворешната политика на земјата;

» **Второ,** 30 години од поставувањето на одбранбената политика на земјата.

Со донесувањето на Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија[3] на почетокот од 1992 година започнува процесот на воспоставување на билатералните односи на нашата држава најпрво со Бугарија[4], па со Словенија[5] и со Хрватска[6]. Со признавањето од страна на СР Германија[7], пак, овој процес добива на дополнителен интензитет[8].

1 Види Александар Спасеновски, Васко Наумовски и Јован Андоновски „30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење)”, Фондација Конрад Аденауер и Институт за општествени истражувања МК-91, септември 2021.

2 Види документарен филм: „30 години државност, Уставот – темел на иднината“ (youtube.com/watch?v=0GHBvWGKkUA&t=1860s). Фондација Конрад Аденауер Скопје, ноември 2021 година.

3 Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, бр.: 08-5099, 19.12.1991.

4 Дипломатските односи со Бугарија се воспоставени на 15.1.2022 година.

5 Дипломатските односи со Словенија се воспоставени на 17.3.1992 година.

6 Дипломатските односи со Хрватска се воспоставени на 30.3.1992 година.

7 Дипломатските односи со СР Германија се воспоставени на 16.12.1993 година.

8 Повеќе за историјата на македонско-германските односи во: Васко Наумовски, Александар Спасеновски, Јован Андоновски „Република Македонија и Сојузна Република Германија – 25 години дипломатски односи“, Фондација Конрад Аденауер и Институт за општествени истражувања МК-91, октомври 2018.

Во 1992, кога започнува процесот на меѓународно признавање на државата се поставуваат и основите на одбраната. Така, по донесувањето на Уставот на нашата држава[9], според кој „одбраната на Републиката се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници", во 1992 година Собранието го усвојува Законот за одбрана[10].

Имајќи го предвид претходно споменатото, трудот: „30 години надворешна политика и одбрана на Северна Македонија" има двојна цел:

» **Прво,** да фрли дополнително светло врз клучните прашања поврзани со водењето на надворешната политика и со одбраната на нашата држава и

» **Второ,** да ги истражи перцепциите на граѓаните во врска со процесот на осамостојувањето, со успесите и со падовите на државата на надворешен и на одбранбен план во овие 30 години, како и со очекувањата во овие области во следните децении.

Врз основа на добиените податоци, пак, на самиот крај се изнесени и конкретни заклучоци кои извираат од претходно анализираните сегменти.

**Како дел од активностите за придонес кон одбележувањето на трите децении сувереност и самостојност на денешна Северна Македонија, изминатиот период Фондацијата Конрад Аденауер во соработка со партнерски организации и експерти во 2021 година го реализираше документарниот филм „30 години државност, Уставот – темел на иднината" , истата година ја објави и публикацијата „30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење)", а учествуваше и во организација на конференции поврзани со истата тема.**

**Искрено веруваме дека и овој труд кој е дел од истата заложба ќе одигра своја улога во насока на остварување на целта за натамошно зајакнување на информираноста на јавноста, како и за расветлување на дел од настаните за овој многу важен период од најновата историја на државата.**

9 Устав на Република Македонија, „Службен Весник на Република Македонија", г.: XLVII, бр.: 52, Скопје, 1991, стр.: 805-815.

10 Закон за одбрана, „Службен весник на Република Македонија", бр.: 8, Скопје, 1992.

1

# 30 Години надворешна политика и одбрана (Анализа)

# Прв дел

# 30 години надворешна политика и одбрана (Анализа)

Процесите на стекнување на независноста на Социјалистичка Република Македонија (СРМ) преку раздружување од тогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) започнуваат во текот на 1990 година.

Тогашната политичка власт, следејќи ги случувањата во останатите републики на Федеративна Југославија, презема соодветни чекори што одговараа на карактерот на приликите кои постојано се влошуваа. Така, републичките институции во летото и есента 1990 година донесуваат серија клучни одлуки со кои се отвора патот на македонската независност преку конструирање на новиот уставно-правен систем, кој почиваше на спротивни начела од дотогаш социјалистичко-федеративните.

На 20.9.1990 година Собранието на СРМ усвојува 25 амандмани на Уставот со кои се извршуваат првите промени во уставно-правниот систем[11]. Се укинува монополот на владејачката партија СКЈ (Амандман LXVII), делегатскиот систем се заменува со пратенички (Амандман LXXIV), наместо извршниот совет се конструира влада (Амандман LXXVI), а наместо претседателството на СРМ се воспоставува функцијата претседател на Републиката (Амандман LXXV).

Врз основа на споменатите измени, на 24.9.1990 година претседателот на законодавниот дом ги распишува првите демократски повеќепартиски избори кои се одржуваат на 11 ноември истата година, а Собранието во овој состав се конституира на 8.1.1991 година.

Понатаму, на 27.1.1991 година пратениците го избираат првиот демократски претседател на Републиката, Киро Глигоров, а на 20.3.1991 година беше избрана и првата демократска експертска влада на чело со Никола Кљусев.

11 Одлука за прогласување на Амандманите LVII - LXXXI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Амандмани на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, год.: XLVI, бр.: 28, Скопје, 21.9.1990, стр.: 506-511.

На овој начин беа поставени основите на новиот демократски систем на организација на државната власт.

Во меѓувреме, на 25.1.1991 година претставниците на граѓаните во Собранието ја донесоа „Декларацијата за сувереност на Македонија“[12], со која, во членот 1 се изразува суверeноста во согласност со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.

Понатаму, на 7.6.1991 година беше усвоен уставен Амандман LXXXII со кој во името на СРМ се изоставува одредницата „социјалистичка“[13]. Во оваа смисла, на 7.5.1991 година Претседателот на државата до пратениците доставува предлог за донесување на нов демократски устав кој беше изгласан на 17.11.1991 година, а на кој му претходеа референдумот за независност од 8.9.1991 година и „Декларацијата по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна држава Македонија“, донесена на седницата на Собранието на 17.9.1991 година[14].

На овој начин беше заокружен новиот уставно-правен систем на денешна Северна Македонија како демократска и самостојна држава.

Конечно, на 19.12.1991 година со донесувањето на „Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија“[15] започна и процесот на меѓународно признавање на веќе создадената држава.

Декларацијата за меѓународно признавање се состои од пет точки и е потпишана од страна на тогашниот претседател на Собранието, Стојан Андов. Во неа пратениците бараат „Република Македонија која е суверена и независна држава да биде и меѓународно признаена“, при што се констатира дека државата ги прифаќа критериумите во оваа смисла на Советот на министрите на Европската заедница од 17.12.1991, како и нацрт-документот на Конференцијата за Југославија во Хаг, истовремено констатирајќи и дека

12 Декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија, Собрание на Социјалистичка Република Македонија, бр.: 08-220-1.

13 Одлука за прогласување на амандманите LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Амандмани на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“, год.: XLVII, бр.: 27, Скопје, 11.6.1991, стр.: 357.

14 Декларација по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна македонска држава Македонија, Собрание на Република Македонија, бр.: 08-3786, 17.9.1991.

15 Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, бр.: 08-5099, 19.12.1991.

државата ги поддржува напорите на Обединетите нации (ОН) за мирен расплет на југословенската криза.

По усвојувањето на овој документ, тогашна Република Македонија започна да воспоставува дипломатски односи и да воспоставува односи на поблиска соработка со држави и со други субјекти на меѓународните односи. Првата држава која ја призна независноста на нашата држава е Република Бугарија на 15.1.1992 година, по што следуваа признавањата на Словенија на 17.3.1992 година, како и на Хрватска на 30.3.1992 година. Денес, Република Северна Македонија, како членка на НАТО и држава која преговара за членство во ЕУ има воспоставено дипломатски односи и гради динамична надворешна политика со повеќе од 190 држави во светот.[16]

*Извадок од публикацијата „Република Македонија и Сојузна Република Германија – 25 години дипломатски односи" во издание на Фондацијата Конрад Аденауер и Институт за општествени истражувања МК-91, октомври 2018, од авторите  Васко Наумовски, Александар Спасеновски и Јован Андоновски*

Македонско-германските односи можат да се окарактеризираат како исклучително позитивни, како на политички така и на економски план, без отворени прашања меѓу двете држави. Економската соработка и трговската размена бележат нагорен тренд во изминатите 25 години, пред сè благодарение на германските директни инвестиции во Република Македонија, каде што во над 200 германски компании работат над 20.000 лица, а вкупниот износ на директни инвестиции од Германија е 230 милиони евра, со што оваа држава е шести најголем инвеститор во Македонија. Германија е еден од најголемите инвеститори во Македонија, а германските компании бележат позитивни резултати во нивните македонски капацитети.

Политичките односи се засноваат на меѓусебна почит и доверба, при што стратешката ориентација на Македонија за членство во Европската Унија и НАТО целосно е поддржана од страна на Германија. Во таа насока, не изостанува поддршката од страна на Сојузна Република Германија за реформските процеси за исполнување на критериумите за членство, преку повеќеслојна соработка во областите на подготовка на институциите,

16 За билатералните односи повеќе на официјалната интернет-страница на Министерството за надворешни работи на Северна Македонија www.mfa.gov.mk.

> поддршка за економските процеси на национално и локално ниво, поттик на развојот на граѓанското општество, владеењето на правото и борбата против корупцијата и други области. Се чини дека нема позначаен политички и економски партнер на Македонија меѓу државите членки на Европската Унија, и нема причини ова партнерство да не се збогатува и понатаму.
>
> Од држава која ја стекна својата независност среде војните на Балканот, до држава кандидат за полноправно членство во Европската Унија, Македонија ја има германската поддршка да продолжи понатаму. Иднината на македонско-германските односи е насочена кон цврста соработка, и заеднички напори за продлабочување на европската интеграција, во догледно време и како две држави членки на ЕУ. Успешноста на македонската приказна ќе значи и успех за европеизацијата на Балканот, како и заокружување на процесот на проширување на ЕУ, чијшто главен поддржувач е токму Сојузна Република Германија.

Во 1992 кога започнува процесот на меѓународното признавање на државата се поставуваат и основите на одбраната. Така, по донесувањето на Уставот според кој „одбраната на Републиката се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници“, во 1992 година Собранието го изгласува Законот за одбрана[17].

Законот за одбрана од 1992 година се состои од 135 члена поделени во 11 глави и според него одбраната на Републиката има за цел да ја осигура независноста и територијалниот интегритет на земјата, а неа ја извршуваат граѓаните, органите на државната управа и Армијата на Република Македонија (АРМ)[18]. Освен споменатото, за овој закон карактеристични се членот 3 и членот 7 во кои беше предвидено служење на воен рок на сите полнолетни машки граѓани во траење од 9 месеци[19].

Надворешната и одбранбената политика на Северна Македонија изминатите 30 години се карактеризираат со извесност, стабилност и предвидливост.

Анализата на дејствувањето на носителите на надворешната и одбранбената политика упатува на заклучокот дека во процесот на остварувањето на сопствените надворешно-политички и одбранбени приоритети, нашата држава

17 Закон за одбрана, „Службен весник на Република Македонија“, бр.: 8, op.cit.
18 Ibid.
19 Ibid.

од стекнувањето на независноста до денес се води од шест главни темелни поставки[20], кои како носечки дел од принципите на дејствувањето на ОН се прифатени во поголема или помала мера од сите демократски држави во светот.[21]

Тоа се:

- **Прво,** почитување на Повелбата на ОН врз чиишто темелни принципи се спроведува надворешната и одбранбената политика на Северна Македонија;
- **Второ,** решавање на конфликтите, споровите и отворените прашања помеѓу државите по мирен пат;
- **Трето,** придржување до меѓународно-правниот принцип за непроменливост на границите на државите;
- **Четврто,** почитување и поддршка на политиката за натамошен развој на човековите права во државите;
- **Петто,** поддржување на напорите за разоружување и непролиферација на нуклеарното оружје и давање поддршка за нуклеарното разоружување, забрана на сите оружја за масовно уништување;
- **Шесто,** поддршка на уредувањето на меѓународните економски односи низ призма на светскиот процес на глобализацијата и либерализацијата на светската економија, со нагласок дека треба да се заштитат интересите на малите и недоволно развиените државни економии.

Врз основа на овие темелни поставки, пак, се формулирани краткорочните, среднорочните и долгорочните цели на надворешната политика на нашата држава.[22]

Тоа се:

- **Прво,** натамошно развивање на вкупните односи со Албанија, Грција, Бугарија, Косово и со Србија, како соседни држави на Северна Македонија;
- **Второ,** натамошно развивање на стратегиското партнерство со Соединетите Американски Држави;
- **Трето,** натамошно унапредување на односите со други важни држави сојузници, како што е СР Германија;

20 Види Министерство за надворешни работи на Република Македонија (www.mfa.gov.mk), 27.6.2022.
21 Види Повелба на Обединетите нации (www.un.org/aboutun/charter/index.html), 27.6.2022.
22 Министерство за надворешни работи на Република Македонија, op. cit.

- **Четврто,** активен придонес во афирмација на целите на НАТО, како држава членка на оваа меѓународна организација;
- **Петто,** побрза интеграција на Северна Македонија во ЕУ.

Иако темелните поставки и целите на надворешната и одбранбената политика на Северна Македонија изминатите 30 години останаа во голема мера непроменети, односно беа прифатени и извршувани од страна на политичките актери, сепак, во однос на личностите што ги извршуваа клучните функции во овие области воочливи се одредени партикуларни нијансирани разлики кои се резултат на три суштински причини:

- **Прво,** историските околности кои настанаа по падот на комунизмот во Источна Европа и создавањето на независни држави од поранешните федерации;[23]
- **Второ,** нивната (на носителите на највисоките државни функции, н.з.) идеолошка профилираност во периодот на извршувањето на функцијата и
- **Трето,** развојот и промените кои се случуваат на домашната и на светската политичка сцена особено во светлото на европските интеграции на Северна Македонија.[24]

* * *

Првичниот идеализам што беше резултат на фактот дека конечно, после толку стремежи и жртви, започна да се реализира една дамнешна вековна заложба на граѓаните за создавање на независна татковина набргу станува притиснат од реалностите на политиката.

Граѓаните на дел од поранешните југословенски републики се втурнати во крвави меѓуетнички судири кои по својот размер може да се споредат со траумите од Втората светска војна.

Наспроти овој негативен факт, новосоздадената Република Македонија, пак, како резултат на одмереноста на тогашното политичко лидерство, но и поради локалната геополитика успева да исчекори на патот кон независноста без ниту еден испукан куршум. Меѓутоа, ваквиот несомнен успех набргу се потиснува од предизвиците што следуваат поврзани со начинот на кој беше градена новосоздадената држава. Почнувајќи од проблемите при поставувањето

23 Види Александар Спасеновски, Балканот на распетие, Матица Македонска, Скопје, 2005 година.
24 Види Александар Спасеновски, Балканот на распетие, op. cit.

на уставниот систем и трансформацијата на државната во приватна сопственост, преку спорот со Грција, недоразбирањата со Бугарија, меѓуетничкиот конфликт од 2001 и потпишувањето на Охридскиот договор, сè до блокадите на патот кон интеграцијата во Европската Унија и НАТО – денешна Северна Македонија, иако со многу слабости, остава зад себе одредено досие.

Гледано во својата севкупност, во светло на јубилејот: „30 години од надворешна политика и одбрана", во продолжение следува анализа произлезена од спроведеното истражување на јавното мислење со кое настојуваме да фрлиме поголемо светло врз овие најважни години од нашата државност.

# 2

# 30 години надворешна политика и одбрана (Истражување на јавното мислење)

# Втор дел

# 30 години надворешна политика и одбрана (Истражување на јавното мислење)

## Методологија

За потребите на овој труд на крајот од август 2022 година е спроведено сеопфатно истражување на јавното мислење.

Анкетата е спроведена од ИПИС.

Големината на примерокот е избрана во согласност со потребите на истражувањето. Во овој случај се вклучени 1111 испитаници, со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики (пол, возраст над 18 години, етничка припадност, професија и образование), со истовремено почитување на соодветната географска балансираност.

Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика.

При спроведувањето на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање податоци (преку телефонска анкета), што овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација.

За спроведување на анкетата е применет т.н. „CATI метод“ и т.н. *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии заедно).

За време на интервјуата, со цел да се постигне високо ниво на доверба, е користен моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето. За испитаниците, пак, чиј мајчин јазик не е македонскиот беа ангажирани анкетари што ги говорат јазиците на другите заедници во државата, со цел да се избегне евентуална јазична бариера при комуникацијата.

Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи помеѓу 30 % и 60 %, за ова истражување респонзивноста изнесува 45 % од побараните соговорници.

Маргиналната грешка се движи помеѓу +/- 2,9 % со 95 % интервал на веродостојност.

## Анализа

Истражувањето има за цел да ги открие перцепциите на граѓаните во врска со процесот на осамостојувањето, со успесите и со падовите на Северна Македонија на надворешен и на одбранбен план во изминатите три децении, како и со очекувањата во овие области во годините што следуваат.

Прашалникот се состои од 36 прашања, при што 33 прашања се конципирани во форма на тврдење со кое секој испитаник може да избере дали се согласува или не се согласува, додека три прашања се од отворен карактер, односно со можност граѓаните сами да даваат одговори. Одговорите на поголем дел од прашањата се понудени во облик на т.н. „ликертова скала“, односно секој испитаник има право да избере еден од четирите понудени одговори, од кои два се афирмативни („целосно се согласувам“ и „донекаде се согласувам“) и два негациски („воопшто не се согласувам“ и „донекаде не се согласувам“). Исто така, дел од прашањата се конципирани на начин според кој секој испитаник може да ја даде својата лична оценка на скала од 1 до 5, при што најниската оценка е 1, а највисоката 5.

Прашањата генерално може да се поделат во шест групи.

- **Во првата група** се поместени прашања од општ карактер и тие имаат за цел да ги утврдат генералните ставови на испитаниците за надворешната политика и одбраната на државата, како и за институциите што се задолжени за нивното спроведување;
- **Во втората група** се поместени прашања со кои се утврдуваат ставовите на испитаниците за личностите што изминатите три децении беа избирани да бидат претседатели на државата, поради тоа што водењето на надворешата политика и одбраната претставуваат клучни надлежности на оваа институција;

- **Во третата група** се поместени прашања што се однесуваат на европските и евроатлантските интеграции;
- **Во четвртата група** се поместени прашања што се однесуваат на односите на нашата држава со други поважни држави во соседството и од светот;
- **Во петтата група** се поместени прашања што се однесуваат на дел од актуелните предизвици во надворешната политика и во одбраната, додека
- **Во шестата група** се поместени  резултати од сумарен карактер кои се однесуваат на иднината на Северна Македонија во овој сегмент.

## Општи оценки за надворешната политика и одбраната

Прашањата од првиот дел може да се поделат во две групи, при што во првата група испитаниците даваат своја оценка од 1 до 5 за водењето на надворешната политика, како и за перформансите на Армијата изминатите 30 години (види табела број 1 и табела број 2).

Анализата на резултатите покажува дека средната оценка на испитаниците за начинот на водењето на надворешната политика на земјата изминатите три децении е 2.52, додека за однесувањето на Армијата е 3.37.

Карактеристично е дека не постои посебна разлика во оценките помеѓу испитаниците низ призма на нивното етничко потекло, географско потекло или образование.

Видливо повисоката оценка на испитаниците за перформансите на Армијата наспроти водењето на надворешната политика може да се доведе во врска со зачленувањето на Северна Македонија во НАТО, што претставува најзначајна тридецениска цел која е силно поддржувана од страна на најголемиот дел од политичките партии во државата. Секако, свое влијание во однос на резултатите од двете прашања има и традиционалната поддршка на граѓаните на безбедносниот систем на државата, што се потврдува во скоро сите истражувања на јавното мислење низ годините до денес[25].

25 Повеќе информации за оваа тема во текстот: „Малку видливи, а со најголема доверба“ во „Нова Македонија“, novamakedonijca.com.mk, февруари 2019.

***Табела број 1***




***Табела број 2***



Следните две прашања од оваа прва група се формулирани во форма на тврдења со кои испитаниците се изјаснуваат дали во целост се согласуваат, односно во целост не се согласуваат.

На констатацијата дека Северна Македонија има професионална дипломатска служба која ги афирмира и ги штити интересите на државата, 30,3 % од испитаниците одговориле дека во целост не се согласуваат (види табела број 3). Доколку кон ова се додаде и процентот на испитаници што одговориле дека делумно не се согласуваат со оваа констатација кој изнесува 15,3 %, тогаш заклучокот е дека високи 45,6 % сметаат дека државата нема професионална дипломатска служба која има капацитет да ги заштити и да ги промовира носечките стратешки интереси на Северна Македонија.

***Табела број 3***




Четвртото прашање од првиот дел се однесува на улогата на Армијата. Така, високи 31,3 % од испитаниците одговориле дека во целост се согласуваат со тврдењето дека војската е достоен чувар на безбедноста, суверeноста и територијалниот интегритет на државата (види табела број 4). Доколку се додадат и испитаниците што изјавиле дека донекаде се согласуваат, а кои се 26,5 %, тогаш можеме да заклучиме дека високи 57,8 % од испитаниците високо ја оценуваат улогата и достигнувањата на Армијата на Северна Македонија изминатите три децении.

***Табела број 4***




Кумулативниот заклучок во однос на првите четири прашања кои се поместени во овој прв дел од Анализата е дека испитаниците имаат далеку подобро мислење за Армијата и за одбраната наспроти водењето на надворешната политика и дипломатската служба. Конкретно, 36 % од испитаниците дале позитивна оценка за дипломатската служба, односно водењето на надворешните работи наспроти 57,8 % од испитаниците кои дале позитивна оценка за Армијата, односно раководењето со одбраната, што претставува разлика од високи 21,8 % во прилог на Армијата и одбраната.

## Претседатели на државата

Вториот дел од истражувањето се однесува на улогата на личностите што изминатите три децении ја извршуваат функцијата претседател на државата во областа на надворешната политика и во одбраната. Така, на скалата од 1 до 5, испитаниците највисоко го оценуваат вториот претседател, Борис Трајковски кој има средна оценка 4.28, првиот претседател на независна Република Македонија, Киро Глигоров има средна оценка од 4.1, третиот претседател Бранко Црвенковски е оценет со 3.02, средната оценка на четвртиот претседател на државата, Ѓорге Иванов е 3.11, додека актуелниот претседател Стево Пендаровски има средна оценка 2.81. (види табела број 5).

Во врска со перформансите на претседателите, забележливи се осцилации во оценките на граѓаните врз основа на нивната етничка припадност, при што испитаниците Македонци наспроти испитаниците од другите етнички заедници кумулативно даваат повисоки оценки. Исклучок од овој тренд има

единствено кај актуелниот шеф на државата Стево Пендаровски, кај кого има приближно иста поддршка кај испитаниците од сите етнички заедници[26].

***Табела број 5***




## НАТО и Европска Унија

Во третиот дел од истражувањето се анализираат перцепциите на испитаниците во однос на двете најважни надворешно-политички и одбранбени цели.

Високи 64,2 % од испитаниците го поддржуваат членството на Северна Македонија во НАТО наспроти 28,4 % кои се противат (види табела број 6), што претставува сооднос од 2:1 во прилог на застапниците на интеграцијата на земјата во овој одбранбен сојуз. Во оваа смисла, забележливи се разлики во изјаснувањата, главно врз основа на етничката определба на испитаниците. Така, 90,1 % од припадниците на албанската етничка заедница го поддржуваат членството на Северна Македонија во НАТО наспроти останатите етнички заедници кај кои поддршката на оваа стратешка цел на државата се движи помеѓу 55 % и 65 %, што претставува разлика од околу 30 %.

26 Од аспект на етничката стратификација на испитаниците, 14,8 % од испитаниците Македонци и 16,55 % од испитаниците од другите етнички заедници го оцениле актуелниот претседател на државата Стево Пендаровски со највисока оценка 5, што претставува разлика од 1,75 % која е во рамките на маргиналната грешка. Овој сооднос го потврдува заклучокот за приближно изедначената поддршка што ја има претседателот Пендаровски кај испитаниците од сите етнички заедници.

***Табела број 6***




Дополнително на претходното прашање, кумулативно, високи 56,2 % од испитаниците се согласуваат со тврдењето дека со зачленувањето во НАТО Северна Македонија е побезбедна и постабилна, наспроти 30,7 % кои не сметаат така, што претставува разлика од 25,5 % во корист на првата група. Исто како и за претходното прашање, и во овој случај се забележуваат слични разлики во соодносот на одговорите врз основа на етничката припадност на испитаниците.

***Табела број 7***




Европските интеграции и членството во НАТО се надворешно-политички цели кои во континуитет имаат висока поддршка од страна на граѓаните. Сепак, за разлика од првата деценија од независноста, втората и третата деценија се карактеризираат со континуирано намалување на поддршката на граѓаните за

членство на Северна Македонија во ЕУ. Така, целосна поддршка за интеграција на земјата во Унијата даваат 48,4 % од испитаниците, додека делумна 14,4 % (види табела број 8). Вкупно земено, 62,8 % од сите испитаници се за тоа еден ден Северна Македонија да биде дел од ЕУ. Иако овој процент сè уште е многу висок, сепак, споредено со првите две децении од независноста, видливи се значителни поместувања во негативна насока.[27]

Како и во случајот со поддршката на членството во НАТО, кога станува збор и за членството во ЕУ се забележливи разлики во одговорите според етничката припадност на испитаниците. Имено, ако 92,8 % од испитаниците Албанци ја поддржуваат оваа стратешка цел на државата, 53,2 % од испитаниците Македонци го имаат истото мислење, што претставува разлика од 39,6 %. Причините за ваквиот сооднос кои се повеќеслојни, може да се воочат, меѓу другото и во одговорите на следното прашање.

***Табела број 8***




Антиципирајќи го очигледниот застој во процесот на европските интеграции на Северна Македонија, испитаниците беа прашани и за можните причини за таквиот од во место на државата (види табела број 9). Така, за најголем дел од нив, односно за 14,9 % виновни за застојот во интеграциите на Северна Македонија во ЕУ се македонските политичари, додека за 10 % од

27 Повеќе за долгорочните трендови во врска со поддршката на членството на Северна Македонија во Европската унија во: Иван Дамјановски „Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2021)", Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија и Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, февруари 2022.

испитаниците е Бугарија, за 7,8 % виновник е Владата, за 4,6 % виновник е СДСМ, за 4,3 % виновник е ВМРО-ДПМНЕ, додека за 3,8 % од испитаниците виновнви се сите досегашни влади. Вкупно земено, доколку се направи кумулативен збир на сите внатрешно-политички актери ќе се заклучи дека за 40,2 % од испитаниците причината за неуспехот на државата за зачленување во ЕУ ја наоѓаат во домашните слабости, наспроти 19,2 % кои причините ги наоѓаат во надворешните фактори.

***Табела број 9***




## Односи со други држави

Во четвртиот и најобемен дел од истражувањето се анализираат билатералните односи на Северна Македонија со други референтни држави. На темелот на првично добиените податоци за карактерот на билатералните односи со селектираните држави, следува потемелна анализа на односите на државата со Грција, Бугарија и Германија. На крајот од овој дел, пак, следува анализа за тоа која држава е најголем сојузник, а која држава е најголем непријател на Северна Македонија.

Најпозитивни впечатоци испитаниците имаат за квалитетот на меѓусебните односи на Северна Македонија со Турција, со 71,6 %; со Србија, со 68,6 % и со Германија, со 64,3 % (види табела број 10). Во истражувањето може да се забележи и дека значајни 37,7 % од испитаниците позитивно го оценуваат квалитетот на македонско-грчките билатерални односи. Исто така, 58,5 % од испитаниците имаат позитивно мислење и за билатералните односи на Северна Македонија со САД и 57 % го имаат истиот став за билатералните односи на нашата држава со Албанија.

Најдолу на скалата се Русија и Бугарија за кои 59,3 %, односно 52,5 % од испитаниците сметаат дека имаат лоши билатерални односи со Северна Македонија. Во истражувањето на јавното мислење од 2021 година кое се однесуваше на трите децении од воспоставувањето на независноста на Северна Македонија беше испитувано мислењето на граѓаните за карактерот на билатералните односи на нашата држава со Бугарија и Русија[28]. Тогаш како лоши билатералните односи на Северна Македонија со Русија ги оцениле 17,3 %, а со Бугарија 59,8 % од испитаниците. Споменатото значи дека за разлика од 2021, во 2022 година негативниот одиум на граѓаните кон Бугарија е скоро непроменет, а кон Русија е видливо влошен. Ваквата состојба во однос на мислењата на испитаниците за Русија може да се доведат во корелација со руската агресија врз Украина, што е видливо и од прашањето во претпоследниот дел од оваа анализа.

Општиот заклучок од анализата на одговорите на испитаниците упатува на заклучокот дека перцепциите за квалитетот на билатералните односи на нашата држава со споменатите држави се релативно трајни и без поголеми осцилации, со исклучок на Грција како позитивен пример и на Бугарија и Русија како негативни.

28 Види Александар Спасеновски, Васко Наумовски и Јован Андоновски, „30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење)“ Институт за општествени истражувања „МК91“ и Фондација „Конрад Аденауер“, септември 2021 година.

***Табела број 10***




Имајќи ги предвид резултатите од претходната табела, во продолжение следува подлабинска анализа на односите на Северна Македонија со Бугарија, Грција и Германија.

Во однос на Бугарија, забележлив е јасен песимизам на испитаниците во однос на квалитетот на односите со Северна Македонија кој главно е резултат на блокадата што доаѓа од официјална Софија за европските интеграции на нашата земја (види табела број 11). Така, во однос на т.н. „француски предлог" кој беше предуслов за тргање на бугарското вето за почеток на преговорите на државата со ЕУ, високи 57,1 % од испитаниците го отфрлаат наспроти 27,2 % кои го прифаќаат, што претставува разлика од приближно 30 % во корист на противниците на овој документ. Истото расположение се рефлектира и во однос на прашањето за тоа дали по т.н. „француски предлог" и почетокот на преговорите за членство на Северна Македонија во ЕУ односите со Бугарија ќе се подобрат, за што високи 57,1 % од испитаниците одговориле негативно.

Вкупно земено, анализата на расположението на испитаниците кое се рефлектира во прашањата за Бугарија упатува на заклучокот дека македонско-бугарските односи се на едно долно рамниште, што може да има негативен одраз и врз квалитетот на елементарна комуникација помеѓу институциите и општествата на двете држави.

***Табела број 11***




Во однос на Грција забележливи се поинакви тенденции споредено со Бугарија (види табела број 12). Природата на овие тенденции беше дополнително разјаснета преку три други прашања. Така, четири години по потпишувањето на т.н. „Преспански договор“ од 2018 година 36,5 % од испитаниците изјавуваат дека  го поддржуваат, иако сè уште значајни 50 % од испитаниците се противат. Во таа смисла се надоврзува и следното прашање, според кое 30,6 % од испитаниците сметаат дека по надминувањето на спорот со името македонско-грчките односи имаат видливо подобрување. Конечно, вкупниот впечаток во овој дел се заокружува и со третото прашање, каде 30 % од испитаниците изјавиле дека сметаат оти  решавањето на спорот со името има позитивно влијание и врз одлуката на Вселенската патријаршија за признавање на канонскиот статус на МПЦ-ОА, на 9 мај 2022 година.

Вкупно земено, анализата на расположението на испитаниците кое се рефлектира во прашањата за Грција, упатува на заклучокот дека македонско-грчките односи се карактеризираат со една поинаква позитивна динамика која постојано се подобрува,  иако сè уште постои изразена воздржаност.

***Табела број 12***




Во однос на Германија, високи 64,6 % од испитаниците сметаат дека оваа држава е силен политички поддржувач и сојузник, а 66,6 % дека е важен економски партнер на Северна Македонија (види табела број 13).

Вкупно земено, анализата на расположението на испитаниците кое се рефлектира во прашањата за Германија упатува на заклучокот дека Германија заедно со САД се два покарактеристични примера за една континуирана, стабилна доверба во однос на квалитетот на односите што овие земји ги имаат со Северна Македонија.

***Табела број 13***



Овој дел од истражувањето се заокружува со две покарактеристични прашања кои ги рефлектираат мислењата на испитаниците за тоа кои држави се најголеми сојузници, а кои најголеми непријатели на Северна Македонија.

Во однос на прашањето која држава е најголем сојузник на Северна Македонија, 37,4 % сметаат дека тоа е Србија, 24,1% немаат одговор, додека 19,8 % сметаат дека тоа се САД (види табела број 14). Подолу на оваа табела на државите сојузници се наоѓа и Турција за која 5,8 %, како и Германија за која 5,4 % од испитаниците сметаат дека се најголеми сојузници на Северна Македонија. Во оваа смисла, карактеристично е и дека 2,7 % од испитаниците сметаат дека Северна Македонија нема сојузници.

***Табела број 14***




Во светло на претходните резултати, во однос на тоа која држава е најголем непријател на Северна Македонија, 44 % од испитаниците сметаат дека тоа е Бугарија, 29,3 % изјавиле дека не знаат, додека 12,1 % изјавиле дека тоа е Русија (види табела број 15).

***Табела број 15***




## Актуелни предизвици

Во петтиот дел од истражувањето се опфатени  две актуелни прашања од областа на надворешните односи и одбраната.

Во првото прашање се изложени  впечатоците на испитаниците во однос на актуелните состојби во Украина (види табела број 16). Така, 50,4 % од испитаниците сметаат дека руската воена агресија врз Украина е неоправдана и неприфатлива, додека 26,2 % сметаат дека  е оправдана и прифатлива, што претставува сооднос од 2:1 во однос на првата група. Анализата на резултатите упатува на заклучокот дека испитаниците имаат приближно сличен став во однос на оваа тема како и граѓаните на другите држави членки на ЕУ и на НАТО.

### *Табела број 16*




Во второто прашање од овој дел се анализира и расположението на испитаниците за регионалната форма на поблиска интеграција на Северна Македонија, Албанија и Србија наречена „Отворен Балкан“ (види табела број 17). Така, 65,7% од испитаниците го поддржуваат проектот „Отворен Балкан“, додека 15 % не го поддржуваат, што значи дека за 50,7 % е поголем бројот на испитаниците што ја поддржуваат оваа форма на поблиска соработка помеѓу Северна Македонија, Албанија и Србија.

### *Табела број 17*



## Очекувања за иднината

По зачленувањето на Северна Македонија во НАТО преостанатиот крупен надворешно-политички предизвик за државата е интеграцијата во ЕУ, на што е посветено последното прашање (види табела број 18). Така, на прашањето кога сметате дека Северна Македонија ќе се зачлени во Унијата, 28 % од испитаниците изјавиле дека тоа нема да се случи, што претставува најбројна група, додека 23,7 % својот песимизам го манифестирале преку одговорот дека не знаат кога ќе се случи тоа, односно дека немаат одговор. Наспроти овие две групи се наоѓаат поoптимистичките испитаници. Имено, 7,4 % изјавиле дека членството на државата во ЕУ ќе се случи за 20 и повеќе години, 10,4 % за 10-20 години, 15,5 % за 10 години и 13 % од испитаниците сметаат дека Северна Македонија ќе се зачлени во ЕУ за 5 години.

Од одговорите на испитаниците видлив е изразен песимизам за членството на Северна Македонија во ЕУ, како и за брзината на остварувањето на оваа стратешка цел. Песимизмот на граѓаните во однос на интеграцијата на Северна Македонија во ЕУ не произлегува од карактерот на Унијата или од незадоволството од начинот на нејзиното функционирање, туку е резултат на континуираните пречки и застои што државата ги има низ годините, главно како резултат на билатерални проблеми. Оттаму, надминувањето на билатералните пречки и отворањето на една јасна перспектива за динамична интеграција на Северна Македонија без дополнителен застој извесно е дека ќе резултира и со коригирање на впечатоците на граѓаните во позитивна смисла во однос на самата Унија, како и во однос на времето на нашето зачленување.

***Табела број 18***



# Заклучоци

# Заклучоци

- За водењето на надворешната политика на државата и за професионалноста на Армијата изминатите три децении средната оценка на испитаниците на скала од 1 до 5 е 2.52, односно 3.37. Видливо повисоката оценка за Армијата наспроти водењето на надворешната политика може да се доведе во врска со зачленувањето на Северна Македонија во НАТО, што претставува значајна тридецениска цел на државата.
- 45.6 % од испитаниците сметаат дека изминатите три децении Северна Македонија не успеа да изгради професионална дипломатска служба (наспроти 21.8 % кои имаат спротивното мислење). Од друга страна, пак, 57.8 % од испитаниците позитивно ја оценуваат улогата и достигнувањата на Армијата (наспроти 24.7 % кои имаат спротивно мислење). Заклучокот е дека видливо е поголема довербата во Армијата и во институциите задолжени за одбраната споредено со дипломатската служба.
- Во однос на водењето на надворешната политика и одбраната, од сите претседатели на државата, на скалата од 1 до 5 испитаниците највисоко го оценуваат вториот претседател, Борис Трајковски кој има средна оценка 4.28. Првиот претседател на независна Република Македонија, Киро Глигоров има средна оценка од 4.1, третиот претседател Бранко Црвенковски е оценет со 3.02, средната оценка на четвртиот претседател на државата, Ѓорге Иванов е 3.11, додека актуелниот претседател Стево Пендаровски има средна оценка 2.81. Во врска со перформансите на претседателите забележливи се осцилации во оценките врз основа на нивната етничка припадност на испитаниците, при што испитаниците Македонци наспроти испитаниците од другите етнички заедници кумулативно даваат повисоки оценки. Исклучок од овој тренд има единствено кај актуелниот шеф на државата Стево Пендаровски, кај кого има приближно иста поддршка кај испитаниците од сите етнички заедници.
- 64,2 % од испитаниците го поддржуваат членството на Северна Македонија во НАТО наспроти 28,4 % кои се противат, што претставува сооднос од 2:1 во прилог на поддржувачите. Исто така, 56,2 % од испитаниците сметаат дека со зачленувањето во НАТО Северна Македонија е побезбедна и постабилна.
- 62,8 % од испитаниците се за членство на Северна Македонија во ЕУ. Овој процент иако сѐ уште е многу висок, видливи се јасни негативни трендови споредено со првите две децении од независноста.

- За 14,9 % од испитаниците виновник за застојот на европските интеграции на државата се македонските политичари, за 10 % тоа е Бугарија, за 7,8 % виновник е владата, за 4,6 % виновник е СДСМ, за 4,3 % виновник е ВМРО-ДПМНЕ, а за 3,8 % виновиви се сите досегашни влади. Доколку се направи кумулативен збир на сите внатрешно-политички актери ќе се заклучи дека 40,2 % од испитаниците причината за неуспехот на државата за членство во ЕУ ја наоѓаат во домашните слабости наспроти 19,2% кои причините ги наоѓаат во надворешните фактори.
- Најпозитивни впечатоци испитаниците имаат за квалитетот на меѓусебните односи на Северна Македонија со Турција, со 71,6 %; со Србија, со 68,6 % и со Германија, со 64,3 %. Значајни 37,7 % од испитаниците позитивно го оценуваат квалитетот и на македонско-грчките билатерални односи. Исто така, 58,5 % од испитаниците имаат позитивно мислење за билатералните односи на Северна Македонија со САД и 57 % го имаат истиот став за билатералните односи на нашата држава со Албанија. Најдолу на скалата, пак, се Русија и Бугарија за кои 59,3 %, односно 52,5 % од испитаниците сметаат дека имаат лоши билатерални односи со Северна Македонија.
- 57,1 % од испитаниците го отфрлаат т.н. „француски предлог“ кој беше предуслов за тргање на ветото на Бугарија за почеток на преговорите на Северна Македонија со ЕУ, наспроти 27,2 % кои го прифаќаат, што претставува разлика од приближно 30 % во корист на противниците на овој документ. Македонско-бугарските односи се на едно долно рамниште, што може да има негативен одраз и врз квалитетот на елементарна комуникација помеѓу институциите и општествата на двете држави.
- Во однос на Грција забележлив е почеток на позитивни тенденции четири години по потпишувањето на т.н. „Преспански договор“ во 2018 година. 36,5 % од испитаниците изјавуваат дека го поддржуваат овој Договор, иако сѐ уште значајни 50 % од испитаниците се противат; 30,6 % од испитаниците сметаат дека по надминувањето на спорот со името македонско-грчките односи имаат видливо подобрување; 30 % од испитаниците изјавиле дека сметаат оти решавањето на спорот со името има позитивно влијание и врз одлуката на Вселенската патријаршија за признавање на канонскиот статус на МПЦ-ОА, на 9 мај 2022 година. Македонско-грчките односи се карактеризираат со една позитивна динамика, иако сѐ уште постои изразена воздржаност.
- Високи 64,6 % од испитаниците сметаат дека Германија е силен политички поддржувач и сојузник, а 66,6 % дека е и важен економски партнер на Северна Македонија. Германија заедно со САД се два покарактеристични примера за една континуирана, стабилна доверба во однос на квалитетот на односите што овие земји ги имаат со Северна Македонија.

- Во однос на перцепциите за тоа која држава е најголем сојузник на Северна Македонија, 37,4 % сметаат дека тоа е Србија, 24,1 % немаат одговор, додека 19,8% сметаат дека тоа се САД. Подолу на оваа табела на држави сојузници се наоѓа и Турција за која 5,8 %, како и Германија за која 5,4 % од испитаниците сметаат дека се најголеми пријатели на Северна Македонија. Во однос на тоа која држава е најголем непријател на Северна Македонија, 44 % од испитаниците сметаат дека е Бугарија, додека 12,1 % дека е Русија.
- 50,4 % од испитаниците сметаат дека руската воена агресија врз Украина е неоправдана и неприфатлива, додека 26,2 % сметаат дека е оправдана и прифатлива, што претставува сооднос од 2:1 во однос на првата група.
- 65,7 % од испитаниците го поддржуваат проектот „Отворен Балкан“, додека 15 % не го поддржуваат, што значи дека за 50,7 % е поголем бројот на испитаниците што ја поддржуваат оваа форма на поблиска соработка помеѓу Северна Македонија, Албанија и Србија.
- На прашањето кога сметате дека Северна Македонија ќе се зачлени во ЕУ, 28 % од испитаниците изјавиле дека тоа нема да се случи никогаш, што претставува најбројна група, додека 23,7 % својот песимизам го манифестирале преку одговорот дека не знаат кога ќе се случи тоа, односно дека немаат одговор. Наспроти овие групи се наоѓаат пооптимистичките испитаници. Така, 7,4 % изјавиле дека членството на државата во ЕУ ќе се случи за 20 и повеќе години, 10,4 % за 10-20 години, 15,5 % за 10 години и 13 % за 5 години. Од одговорите на испитаниците видлив е длабок песимизам за членството на Северна Македонија во ЕУ, како и за брзината на остварувањето на оваа стратешка цел. Надминувањето на билатералните пречки и отворањето на една јасна перспектива за динамична интеграција на Северна Македонија без дополнителен застој, извесно е дека ќе резултира и со коригирање на впечатоците на граѓаните во позитивна смисла во однос на самата Унија, како и во однос на времето на нашето зачленување.

ISBN 978-608-4648-72-7